Врз основа на член 384, 387 и 388 од Законот за трговски друштва и одредбите од Статутот, Управниот одбор на Осигурителното брокерско друштво МОБИЛИТИ БРОКЕР АД СКОПЈЕ, на својата седница одржана на ден 23.04.2019 година, донесе Одлука за свикување на редовна седница на Годишното собрание на акционери на Друштвото и за таа цел објавува:

# ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКО ДРУШТВО МОБИЛИТИ БРОКЕР АД СКОПЈЕ ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА ДРУШТВОТО ОБЈАВУВА

## П О В И К

### ЗА УЧЕСТВО НА ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА ДРУШТВОТО

Годишното Собрание на акционери на Осигурителното брокерско друштво МОБИЛИТИ БРОКЕР АД Скопје, со седиште на ул.Митрополит Теодосиј Гологанов бр.51 Скопје, ќе се одржи на 30.05.2019 година (четврток), со почеток во 12,00 часот, во седиштето на друштвото, на ул.Митрополит Теодосиј Гологанов бр.51 Скопје со следниот:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

**ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ:**

**1. Отварање на седницата на Собранието на акционери**
**2. Утврдување на кворум за работа**
**3. Избор на претседавач со Собранието**
**4. Избор на еден бројач на гласови**
**5. Избор на записничар**

**РАБОТЕН ДЕЛ:**

1. Разгледување на финансиските извештаи за работењето на друштвото во 2018 година; со
- Предлог-одлука за усвојување на финансиските извештаи за работењето на друштвото во 2018 година;
2. Разгледување на Годишна сметка на Осигурително брокерско друштво МОБИЛИТИ БРОКЕР АД Скопје за времето од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година; со
- Предлог-одлука за усвојување на Годишната сметка;
3. Разгледување на Годишен извештај за работењето на друштвото во 2018 година; со
- Мислење од Надзорниот Одбор
- Предлог-одлука за усвојување на годишниот извештај за работењето на друштвото во 2018 година и Мислењето од Надзорниот одбор;
4. Извештај за работата на Надзорниот одбор на МОБИЛИТИ БРОКЕР АД Скопје во 2018 година, колективно и од аспект на поединечните членови; со
- Предлог-одлука за одобрување на Извештајот;
5. Извештај за работата на Управниот одбор на МОБИЛИТИ БРОКЕР АД Скопје во 2018 година, колективно и од аспект на поединечните членови; со
- Предлог-одлука за одобрување на Извештајот;
6. Предлог одлука за распоредување на добивката за 2018 година;
7. Разгледување на извештајот за извршената ревизија за 2018 година; со
- Предлог-одлука за одобрување на Извештајот;
8. Предлог-одлука за определување друштво за ревизија на МОБИЛИТИ БРОКЕР АД Скопје во 2019 година;

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва.

Право на учество во работата и право на глас во собранието има секој акционер лично или од него овластено лице кој ќе го застапува на собранието, со писмено полномошно заверено кај нотар.
Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин согласно Статутот и Законот за трговски друштва.
Акционерот е должен личното присуство да го најави пред почетокот на седницата на собранието. Овластените претставници на акционерите се должни полномошното да го достават пред почетокот на одржување на седницата на собранието.
Согласно Законот за трговски друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред.
Материјалите под точките на дневниот ред можат да се разгледаат во просториите на друштвото.

МОБИЛИТИ БРОКЕР АД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР